**20151534391**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВОСУДНИОТ ИСПИТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за правосудниот испит,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 август 2015 година.

Бр. 08-3995/1
27 август 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВОСУДНИОТ ИСПИТ

Член 1

Во Законот за правосудниот испит („Службен весник на Република Македонија“ број 137/13), во членот 8 став (3) зборот „еднаш“ се заменува со зборот „двапати“.

Во ставот (5) по зборот „одлучува“ се додаваат зборовите: „најмалку 30% од“, а по зборот „отстранети“ се додаваат зборовите: „и заменети со нови“.

Член 2

Во членот 9 пред зборот „Стручните“ се додава бројот „(1)“, а по зборовите: „Министерството за правда“ се додаваат зборовите: „за што министерот за правда определува одговорно лице кое утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот“.

По ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

„(2) Со глоба од 2.000 до 3.000 евра денарска противвредност ќе се казни лицето од ставот (1) кое ќе дозволи да полага кандидат кое не ги исполнува пропишаните услови од овој закон.‘‘

„(3) На одговорното лице од ставот (1) на овој член за секоја одржана испитна сесија му следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Министерството за правда донесува решение.“

Член 3

Во членот 13 ставот (1) се брише.

Ставовите (2) и (3) стануваат ставови (1) и (2).

Член 4

Во членот 14 став (2) се менува и гласи:

„(2) Кандидатите на кои им е одобрено барањето за полагање на испитот и јавноста се информираат за датумот и времето на полагање на испитот, најмалку осум дена пред одржување на испитот преку веб страницата на Министерството за правда и Јавниот радиодифузен сервис.“

По ставот (5) се додаваат шест нови става (6), (7), (8), (9), (10) и (11) кои гласат:

„(6) На претставниците од ставот (5) на овој член за секоја одржана испитна сесија им следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Министерството за правда донесува решение.

(7) Овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот е должно да го блокира радио френквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот за време на спроведување на испитните сесии.

(8) Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: АЕК) врши постојан мониторинг на блокирањето на радио френкфенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот, со цел да се спречи секаков вид на електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот.

(9) АЕК во просторијата за полагање на испитот инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена, и истите се складираат во централниот контролен систем на АЕК.

(10) АЕК формира трichлена комисија која изготвува извештај врз основа на електронските записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот го доставува до Министерството за правда најдоцна во рок од 15 дена од завршување на испитната сесија.

(11) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противредност ќе се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 9 од овој закон доколку не го блокира радио фрекфенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот.‘‘

Во ставот (6) кој станува став (12) зборовите: „4.000 до“ се бришат.

Член 5

Во членот 15 став (7) по зборот „сесија“ точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и му се изрекува забрана за полагање на правосудниот испит во траење од три години, за што Министерството за правда донесува решение против кое може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.“

Во ставот (11) зборовите: „4.000 до“ се бришат и се додаваат два нови става (12) и (13), кои гласат:

„(12) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на овластените претставници од членот 14 став (5) од овој закон ако дозволат кандидатот да постапи спротивно на ставовите (2), (3) и (4) на овој член.

(13) Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на кандидатот кој постапува спротивно на ставовите (2), (3) и (4) на овој член.“

Член 6

Во членот 27 ставови (4) и (5) се менуваат и гласат:

„(4) Комисијата од ставот (3) на овој член се состанува по секоја одржана испитна сесија и врши ревизија на спроведување на испитот, вклучувајќи и дали испитот го полагале кандидати кои ги исполнуваат условите за полагање на испитот согласно со членот 5 од овој закон, но не порано од денот на примената на Законот за правосудниот испит („Службен весник на Република Македонија“ број 137/13), за што доставува извештај до министерот за правда.

(5) На членовите на комисијата од ставот (3) на овој член им следува паричен надоместок, кој на годишно ниво изнесува една просечна нето плата во Република Македонија, за што Министерството за правда донесува решение".

По ставот (9) се додава нов став (10), кој гласи:

„Со глоба од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се казнат членовите на комисијата од ставот (4) на овој член, доколку утврдат неправилности во спроведувањето на испитот, а тоа не го констатираат во извештајот до министерот за правда."

Член 7

По членот 30 се додава нов член 30-а, кој гласи:

„Член 30-а

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно со Законот за прекршоците."

Член 8

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".